Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
RAPORTI VJETOR
ANNUAL REPORT
2023



# НАШИОТ **ХУМАНИТАРЕН ОДГОВОР**

# **PËRGJIGJA** JONË **HUMANITARE**

# OUR **HUMANITARIAN RESPONSE**

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Нашиот хуманитарен одговор | 4 |
| Клучни остварувања во 2023 година | 6 |
| Организација и развој | 9 |
| Соработка со меѓународни партнери | 12 |
| Социјално – хуманитарни програми | 16 |
| Кампањи на Црвен крст | 24 |
| Здравствено превентивни програми | 26 |
| Прва помош | 28 |
| Центар за ментално здравје и психо-социјална поддршка | 30 |
| Крводарителство | 32 |
| Подготвеност и одговор при катастрофи | 34 |
| Безбедност на вода | 37 |
| Помош и поддршка за бегалци и мигранти | 38 |
| Односи со јавност | 40 |
| Креирање политики и менаџирање на волонтери и членови | 42 |
| Дисеминација и Меѓународно хуманитарно право | 44 |
| Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности | 45 |
| Млади на Црвен крст на РСМ | 48 |
| Мониторинг и евалуација | 50 |
| Финансиски извештај за 2023 година | 51 |

# НАШИОТ ХУМАНИТАРЕН ОДГОВОР

Годинава, уште еднаш реализиравме повеќе програми, проекти, кампањи и активности во духот на принципите и хуманитарните вредности на Движењето на Црвениот крст и Црвена полумесечина. Сето тоа беше можно благодарение на поддршката на нашите партнери, но пред се како резултат на напорната работа на нашите црвенокрсташи, нашите тивки херои - 18.000 членови во нашата организација и 4.000 активни волонтери и околу 200 вработени кои дадоа исклучителен придонес во имплементација на нашите услуги и активности.

Посебно сме горди што во 2023 година спроведовме големата национална кампања за населението погодено од земјотресот во Турција и Сирија, при што мобилизиравме хуманитарна поддршка за двете земји погодени од катастрофата.

Горди сме и на организацијата на големата симулациска вежба "Хуманитарен Одговор 2023" со која покажавме дека Црвениот крст може да даде голем придонес во унапредување на севкупниот систем за кризен менаџмент во државата, потврдувајќи ја репутацијата и довербата која ја ужива Црвениот крст во општественото опкружување.

Во годината што измина спроведовме голема национална кампања за прва помош за младите во основните и средните училишта, обезбедивме 59.859 единици крв за потребите на здравствените институции, работевме активно на подигање на свеста на младите за здравствена превенција од заразни и незаразни заболувања. Обезбедивме социјални услуги за давање помош на над 1.100 стари лица и лица со попреченост како и низа други активности за обезбедување на хуманитарна поддршка на лица изложени на социјални ризици.






Придонесовме во подигање на свеста за значењето на климатските промени и помагавме во справување со последиците од природни катастрофи кои за среќа не беа толку големи во изминатата година. Помогнавме 19.320 лица во движење (мигранти и нерегуларни мигранти и бегалци).

Бевме активни на полето на дисеминацијата и промовирање на меѓународното хуманитарно право, обезбедување обуки и услуги за психолошка поддршка, воспоставување семејни врски и многу други активности.

Посебно не радува и нашиот процес наречен "Трансформација-28" кој официјално го промовиравме оваа година, кој треба да ни отвори нови видици во нашиот развој преку спроведување на промени во 24 области од нашето работење. Овие трансформации треба да дадат посебен придонес во унапредување на севкупните културолошки, организациски, програмски и дигитални аспекти во нашето работење со цел да ни помогнат да бидеме во чекор со новите трендови и општествени текови. Овој процес остава простор за многу нови партнерства и заеднички иницијативи во годините кои се пред нас. Се што правевме, го правевме од срце и со многу љубов, со надеж да обезбедиме подостоинствен живот за луѓето кои се нашле во неволја.

Се надеваме дека сите заедно во периодот пред нас ќе најдеме сила и мотивација кои ќе не сплотат да бидеме уште поефикасни и поодговорни во духот на основните принципи и вредности на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина и ќе продолжиме да носиме насмевки и надеж за подобро утре за нашите сограѓани како одговор на предизвиците на новото време.

# КЛУЧНИ ОСТВАРУВАЊА ВО 2023 ГОДИНА

## Се потпираме на нашите остварувања за да бидеме поуспешни во иднина

Успешноста на една организација се мери по начинот на перцепција на опкружувањето за работата на таа организација, по задоволството на корисниците од обезбедените услуги, по интересот на партнерите за финансирање, поддршка и заедничка работа со таа организација.

Црвениот крст на РСМ во изминатата година продолжува да биде една од носечките организации во справување со најразлични предизвиците на најранливото население во општественото опкружување.

Ја вршиме нашата помошна улога во државата, секогаш трудејќи се да бидеме позитивен пример за останатите. Остануваме посветени на идеалите на Анри Динан.

Го промовираме волонтерството, и ја негуваме инклузивноста, обезбедувајќи услуги за најранливите категории на население, преку промовирање на мир и толеранција. Остануваме да бидеме организација отворена за сите, место на сигурност и топлина кога на луѓето им е најтешко, но и место на надеж за нови пријателства, дружба, партнерства и соработка. Подготвени сме за нови предизвици а нашите постигнувања ни служат како научени лекции за воведување нови содржини во нашата Програма за работа.

## КЛУЧНИ ОСТВАРУВАЊА ПО ПРОГРАМИ:








Усвоена петгодишна Развојна рамка на Црвен крст на РСМ, Трансформација – 28.

Обезбедена помош за луѓето погодени од миграција или раселување - помогнати 19.320 лица во движење (мигранти и нерегуларни мигранти и бегалци).

Во рамките на националната кампања за поддршка на населението погодено од земјотресот во Турција и Сирија, Црвениот крст на РСМ во соработка со државните институции, компании и населението на Република Северна Македонија собра 50.648.119 денари за Турција и 12.427.334 денари за Сирија.








Организирана вежба Хуманитарен Одговор 2023 и презентирани капацитети на Црвен крст на РСМ за справување со хуманитарни предизвици.

Воспоставена регионална платформа X-Stock за стокови резерви.

Адаптирана ПОКОО алатка за самопроцена на организациски капацитети на ООЦК и спроведена процена во 6 ООЦК.







Воспоставен механизам за заштита на интегритет на националното друштво.

Обезбедени социјални услуги за давање помош на стари лица и лица со попреченост (739 стари лица испорачана услуга од 241 негуватели и 379 лица со попреченост испорачано од 277 асистенти на месечно ниво).

Обезбедени 59.859 единици крв за потребите на здравствениот систем во државата.



Воспоставена пилот фаза на услугата за поддршка „Копче за итни случаи“ - обезбедена за 110 постари лица и лица со пречки во развојот.



Воспоставена услуга за транспорт на стари лица и лица со попреченост кои не се во опасни по живот ситуации и не се во можност самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствени, социјални или друг вид на услуги.



Спроведена национална кампања за прва помош на цела територија на Република Северна Македонија со деца во основните и средните училишта (вкупно 13.556 млади лица опфатени со кампањата).




Мобилизирани 18.000 членови и 4.000 активни волонтери за спроведување на активности на националното друштво на локално ниво.



Воведена позиција на локални младински координатори во ООЦК за зајакнување на младинското делување на локално ниво.

# ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

## Заложби за развој на националното друштво

Имајќи ја во предвид комплексноста на работењето на организацијата и постојаната појава на нови предизвици и потреби на целните групи, Црвениот крст на РСМ постојано вложува во развојот на капацитетите и подобрувањето на работните процеси на национално и локално ниво за да го зголеми квалитетот на испорачаните резултати. Преку градење на ефикасни партнерства, зајакнување на организациската структура и обезбедување на поддршка во развојните иницијативи, организацијата се стреми да го унапреди своето работење и да го потврди епитетот на национално друштво кое добро функционира и е посакуван и доверлив партнер за соработка.

## Развојна рамка на Црвен крст на РСМ – Трансформација-28

Новата развојна рамка на Црвен крст на РСМ, Трансформација-28 претставува сублимат на заложбите на националното друштво за спроведување на процес на промени во претстојниот петгодишен период. Овој процес беше иницирал на почетокот на 2022 година и се реализира во три фази: партиципативен процес на консултации (јануари – август 2022 година), подготовка на развојна рамка (септември 2022 – мај 2023 година) и финална фаза во која ќе следи имплементација на развојна рамка (2024-2028 година).

На 17 октомври 2023 година, Црвениот крст на РСМ организираше настан за промоција на новата петгодишна Развојна рамка на националното друштво, Трансформација-28 пред бројни домашни и меѓународни гости со цел да се претстават заложбите и амбициите на нашата организација да напредуваме и да се трансформираме, преку внатрешна реорганизација, преку воведување на нови услуги и активности, и дефинирање на модалитети за соработка со нашите партнери.

Развојната рамка Трансформација-28 е изготвена и претставена во прекрасна тријазична публикација која е испечатена на македонски, албански и англиски јазик во комбиниран пакет составен од развоен документ, акциски план и пропратни флаери. Пред нашата организација следува предизвик за успешно спроведување на третата фаза од процесот на Трансформации-28 во претстојниот петгодишен период во кој развојните заложби и амбиции на волонтерите, членовите и вработените ќе бидат дел од нашите годишни и оперативни планови за имплементација со цел на крајот на процесот да покажеме и докажеме дека промените се само средство да бидеме уште поуспешни и поодговорни и постојано во тек со потребите и очекувањата на нашите корисници на услуги.






## Меморандуми за соработка

Во соработка со државните институции редовно се организираат заеднички активности во повеќе области. Во изминатата година потпишани се меморандуми за соработка со Министерството за образование и наука и Министерството за здравство, со кои е реализирана заедничка кампања за промовирање на првата помош во средни и основни училишта со учество на 25.000 ученици. Партнерствата со образовните институции се формализираа и со потпишување на меморандуми за соработка со државните универзитети „Св. Кирил и Методиј", „Св. Климент Охридски", „Гоце Делчев", „Универзитет во Тетово" и „Мајка Тереза".

## Зајакнување на механизми за заштита на интегритет

Со поддршка на Меѓународната Федерација имплементирана е алатката за самопроцена на националното друштво за постоење на механизми за заштита на интегритетот во националното друштво. Врз основа на проценката, подготвени и донесени се политики за превенција и одговор од сексуална експлоатација и злоупотреба, сексуално вознемирување на работно место, заштита на деца и заштита на укажувачи. Подготвени се упатства за нивна имплементација, одржани се обуки за претседатели, секретари и вработени во ООЦК, ЦКГ Скопје и Централната канцеларија, а за наредната година се подготвува и онлајн систем за пријавување и одговор на евентуални прекршувања согласно унифицираниот пристап во Движењето.

## Проценка на организациски капацитети на општинските организации-ПОКОО

Црвениот крст на РСМ започна со имплементација на ПОКОО - алатка за проценка на организациските капацитети на општинските организации која претставува процес на самопроцена на локално ниво и дефинирање развојни приоритети со планови на активности за наредните две години. Алатката се спроведува на секои две години согласно моменталните состојби во организацијата. Во Црвениот крст на РСМ оформен е тим од 9 фасилитатори кои во 2023 година спроведоа проценки во 6 ООЦК.











## Фонд за развој и проекти

Во рамките на фондот за развој и проекти во 2023 година поддржани се 8 проекти со вкупна вредност од 1.673.367,00 денари, а согласно со донесена Одлука од Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ во оваа година подржани се координатори на млади во 7 месечен период во 8 општински организации кои имаат најнизок годишен буџет. Кон крајот на годината направен е преглед на користењето на средствата во изминатите четири години и предложени се измени во начинот на функционирање на фондот за идниот период.

## Менторска програма за поддршка на ООЦК

Во првата половина на 2023 година се финализираше имплементацијата на менторираните развојни програми во 8 ООЦК каде со стручна поддршка од Централната канцеларија се спроведуваа активности за развој на ООЦК. Преку посебно формирани локални тимови кои во составот имаа претставници од раководна и управна структура на ООЦК се имплементираа 6 месечни локални планови во областа на административно работење и имплементација на норматива, инфраструктура и логистика, човечки ресурси, програмско и проектно работење, мобилизирање на ресурси и партнерска соработка.

## Зајакнати капацитети за финансиско работење

Во периодот 12-14 мај 2023 година во Струга се одржа работилница за финансиското работење во Црвен крст на РСМ со цел да се анализираат постојните практики и предизвици, како и да се идентификуваат полиња за подобрување во пристапот кон финансиското работење. Членови на Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ, Финансиската комисија на Црвениот крст на РСМ и претставници на стручната служба споделуваа искуства и дефинираа заклучоци кои ќе бидат дел од предвидените процеси на трансформирање на финансиското работење на организацијата.



# СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРИ

Предизвиците со кои се соочува ранливото население во нашата земја и во светот има потреба од зајакната партнерска поддршка повеќе од кога и да е. Црвениот крст на РСМ во соработка со партнерите од Движењето на ЦК и ЦП, во изминатата година имплементираше заеднички иницијативи за одговор на приоритетни потреби на различни целни групи, создавање на заеднички вредности, споделување и надградба на ресурси и капацитети. Со своите партнери Црвениот крст на РСМ развива и промовира успешни практики како одговор на новите хуманитарни предизвици со цел да обезбедиме проактивно однесување за антиципација, подготвеност и заштита. Особена поддршка од страна на меѓународните партнери е обезбедена за адаптација на работењето и одговор на потребите на мигрантското население со најголем акцент на населението кое доаѓа од Украина.

## Меѓународни настани

Црвен крст на РСМ во текот на годината зеде учество на меѓународни настани и работилници за зајакнување на капацитетите и размена на искуства со националните друштва на Црвен крст на Австрија, Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина и Албанија во рамки на регионални проекти и билатерални иницијативи.

Претседателот на Црвениот крст на РСМ проф. д-р. Ромел Велев и генералниот секретар д-р Саит Саити во периодот 2-03.06.2023 година учествуваа на 67-та седница на Генералното собрание на Бугарскиот Црвен крст.

Генералниот секретар д-р Саит Саити учествуваше на одбележувањето на 145 години од основањето на Хрватскиот Црвен крст, кое се одржа во Задар.

## Соработка во регионот

Во 2023 година, делегации на Црвениот крст на РСМ зедоа учество на повеќе настани за развојот на регионална соработка на националните друштва во рамките на кластерот на Меѓународната Федерација за Југоисточна Европа. Во периодот 25-26.04.2023 година во Сараево, Босна и Херцеговина се одржа регионален состанок на кластерот каде претставници на стручните соработници и генералните секретари од 8 национални друштва дискутираа за предизвиците и идни одговори на

потребите на населението во регионот и можните влијанија во наредните 3 години на повеќе фактори како што се политиката, економијата, миграциите, развојот на технологијата, медиумите, животната средина, јавното здравство, земјоделство и безбедност на храна, и граѓанското општество, врз работата на Црвениот крст.

## Регионален состанок во Сараево

Во периодот 26-29.11.2023 година во Сараево, Босна и Херцеговина се одржа регионален состанок за размена на искуства за развој на национални друштва во кластерот, мобилизирање со ресурси, менаџирање со членство и волонтери и градење партнерства со приватниот и јавниот сектор.

## Лидерски состанок

На 27.10.2023 година во Атина, Грција се одржа лидерски состанок на претседатели и генерални секретари на националните друштва од Европа и Централна Азија на кој учествуваа 23 национални друштва од регионот меѓу кои и делегација на Црвениот крст на РСМ. Дискутирани се повеќе теми поврзани со имплементацијата на заложбите од последната Европска конференција во Тбилиси во 2022 година, подготовките за вонредна изборна седница на Генералното собрание на Меѓународната Федерација, подготовките за 34-та Меѓународна конференција, процесот на ревизија на Статутот на Меѓународната Федерација, како и за важноста на вмрежувањето на националните друштва со претставување на позитивни практики во регионот.

## Меморандум за соработка со Црвениот крст на Косово

На 19.12.2023 година во просториите на Црвениот крст на Косово во Приштина, претседателот на Црвениот крст на РСМ д-р Ромел Велев и претседателот на Црвениот крст на Косово г-ѓа Фериде Хисени потпишаа меморандум за соработка помеѓу двете национални друштва. Организациите имаат повеќегодишно искуство во заемна соработка и истите се заложија за продлабочување и поддршка на иницијативи кои ќе резултираат со подобрена подготвеност и поддршка на ранливите категории кои имаат потреба од хуманитарна помош. За време на настанот се одржа и средба на генералниот секретар на Црвениот крст на РСМ, д-р Саит Саити и генералниот секретар на Црвениот крст на Косово, г-дин Агрон Хумоли кои веќе ја договорија првата заедничка активност на полето на промоција на хуманите вредности.

## Меморандум за соработка со Црвената полумесечина на Исламската Република Иран

На 06.06.2023 година, претседателот на Црвениот крст на РСМ, проф. д-р Ромел Велев и претседателот на Црвената полумесечина на Исламската Република Иран, Др. Пирхосеин Коливанд потпишаа меморандум за соработка со цел иницирање на заеднички активности за зајакнување на капацитетите на полето на менаџментот со волонтери и дејствувањето во случај на катастрофи.





## Поддршка за програмски активности

Со поддршка на долгорочните партнери на организацијата како што се Австрискиот ЦК, Италијанскиот Црвен крст и Швајцарскиот ЦК, обезбедена е поддршка за имплементација на програмски активности и хуманитарна помош за најранливото население, ирегуларните мигранти, поддршка за развој на социјални и економски услуги за населението и друго. Како резултат на позитивните искуства од долгогодишната соработка на Црвениот крст на РСМ и Швајцарскиот ЦК, во периодот 12-19.05.2023 година се одржа состанок за спроведување на проценка и длабинска анализа на капацитетите на националното друштво и истражување на можности за продлабочување на соработката. Поднесениот извештај од делегацијата на Швајцарскиот ЦК ги потврди амбициите и капацитетите на Црвениот крст на РСМ да продолжи да биде доверлив партнер за имплементација на заеднички иницијативи и проекти. Со поддршка на МКЦК зајакнати се капацитетите за имплементација на активностите во рамките на програмата за воспоставување на семејни врски и промоција на меѓународното хуманитарно право.

## Интегритет

Во рамките на фондот за зајакнување на капацитетите на националните друштва при Меѓународната Федерација, обезбедена е поддршка за зајакнување на интегритетот на националното друштво преку развивање на политики и механизми за превенција и одговор на сексуална експлоатација и злоупотреба, сексуално вознемирување и дискриминација на работно место, заштита на деца и заштита на укажувачи.

Во рамките на глобалните иницијативи на Меѓународната федерација за зајакнување на локалното дејствување Црвениот крст на РСМ започна со пилотирање на алатката за „Проценка на организациските капацитети на општинските организации“.






## Поддршка за Турција и Сирија

Црвениот крст на РСМ зеде активно учество и во справувањето на последиците од катастрофите со кои се соочија други држави во светот.  Во рамките на националната кампања за поддршка на населението погодено од земјотресот во Турција и Сирија, Црвениот крст на РСМ во соработка со државните институции, компании и населението на РС Македонија собра 50.648.119 денари за Турција и 12.427.334  денари Сирија. Во договор со Турската Црвена полумесечина средствата се искористени за реконструкција на училиште во градот Малатија а во знак на благодарност училиштето ќе се вика Македонија а 32 училници ќе ги носат имињата на градовите во Северна Македонија.

## Поддршка за Словенија, Либија и Мароко

За поддршка на настраданото население во поплавите кои ги зафатија Словенија и Либија во месец септември како и настраданото население во земјотресот на 08.09.2023 година во Мароко, Црвениот крст на РСМ се вклучи со мобилизирање и испраќање на финансиска поддршка во висина од 90.000 денари за Мароко, 94.200 денари за Либија и 3.640.397 денари за Словенија.



# СОЦИЈАЛНО – ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ

## Социјални услуги во заедницата

### Лична асистенција на лица со попреченост

Црвениот крст на РСМ со поддршка на Министерството за труд и социјална политика (МТСП) континуирано во текот на годината ја спроведуваше социјалната услуга за лична асистенција на лица со попреченост. Програмата има за цел да придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина. Личната асистенција е услуга од социјална заштита, преку која се обезбедува поддршка на лицето со попреченост во неговото осамостојување и независен живот, согласно индивидуалните потреби на корисникот. Услугата се испорачува преку ЦКГ Скопје и општинските организации на Црвен крст Битола, Струга, Струмица, Гостивар, Неготино, Велес и Куманово, како и преку ООЦК Гевгелија – со проектна поддршка на Светска банка. На локално ниво во текот на годината се остварува редовна координација помеѓу центрите за социјална работа и општинските организации на Црвен крст, асистентите и корисниците за да се обезбеди ефикасно и ефективно реализирање на услугата.

Заклучно со месец декември 2023 година беа опфатени 387 корисници, а услугата беше испорачана од страна на 280 лични асистенти.



## Помош и нега во домот

Црвениот крст на РСМ со поддршка на МТСП во текот на годината ја спроведе социјалната услуга помош и нега на стари лица во домашни услови. Со услугата помош и нега во домот се обезбедува помош во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, за лица со намален функционален капацитет кои не можат сами да се грижат за себе, за да се оспособи корисникот за само-помош, односно да ја врати, стекне или одржи способноста самиот да се грижи за себе, за да продолжи да живее во сопствениот дом и да води независен живот во заедницата.

Услугата помош и нега во домот се испорачува преку ЦКГ Скопје и општинските организации на Црвен крст  Струмица, Струга, Дебар, Кавадарци, Кочани, Кичево, Крива Паланка, Неготино, Радовиш, Демир Хисар, Делчево, како и преку  Крушево и Пробиштип, проектно поддржани од Светска банка. На локално ниво континуирано се одржуваат редовни координативни средби помеѓу центрите за социјална работа и општинските организации на Црвен крст, негувателите и корисниците за подготовка на планови, извештаи, следење и  реализација на услугата. Заклучно со месец декември 2023 година беа опфатени 760 стари лица, а услугата е испорачана од страна на 257 негуватели.

## Грижа и поддршка на старите лица

Социјалните услуги за помош и грижа на старите лица во домашни услови  кои се имплементираат преку ЦКГ Скопје продолжија да се спроведуваат со поддршка на градот Скопје, Фондацијата Албиз и Шпаркасе банка преку Австриските ЦК. Ангажирани се 5 волонтери на Црвениот крст и 5 медицински сестри кои континуирано испорачуваат социјални и здравствени услуги за 186 стари лица во домашни услови. Преку ЦКГ Скопје продолжија да се имплементираат програмските активности за старите лица во дневните центри за стари лица и центри за давање помош во домашни услови со простории во ДХО „Даре Џамбаз", во Општинската организација на Црвен крст Чаир, како и во просториите на ОУ во Општина Сарај. Активности се спроведуваа и преку Дневниот центар во Гази Баба. Во текот на годината општинските организации со проектна поддршка на Светска банка и соработка со општините во Крива Паланка, Струмица (Босилево) и Дебар (Центар Жупа) отворија дневни центри за стари лица, кои се лиценцирани од страна на МТСП. Во клубовите на стари лица, кои функционираат преку општинските организации на Црвен крст Крива Паланка, Неготино, Охрид, Велес и Прилеп, континуирано продолжија да се имплементираат соодветни активности за активно и здраво стареење во заедниците.



## Одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик и деца корисници на посебен додаток




Во зимскиот период во месец јануари 2023 година, МТСП организираше бесплатен одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и други права, во хотел „Славија" – Попова Шапка. Црвениот крст на РСМ се вклучи во проектните активности со обезбедување на волонтери од општинските организации кои ги придружуваа децата за време на нивниот престој. Волонтерите на Црвен крст, преку подготвени програми, спроведоа рекреативни, едукативни и воспитни активности согласно возраста и потребите на корисниците на услугите. Црвениот крст на РСМ со поддршка на МТСП, организираше ваков вид на активности во летниот период во текот на месец август. Децата престојуваа во х. „Галеб" во Струга, кои беа придружувани од волонтери на Црвен крст и спроведоа соодветни активности од интерес на децата.

## Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост за време на КОВИД-19 и идни катастрофи



Проектот „Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост за време на КОВИД-19 и идни катастрофи", беше тригодишна иницијатива која се спроведе во регионот на Западен Балкан, координирана од Црвениот крст на Србија и поддржана од Европската унија, Австриската агенција за развој и Австрискиот ЦК. Црвениот крст на РСМ и здружението Хуманост беа заеднички партнери во имплементација на проектните активности во Северна Македонија. Целта на проектот беше постарите лица, лицата со попреченост, националните друштва на Црвен крст и здруженијата на граѓани подобро да се справат со ситуацијата КОВИД-19 во Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Црна Гора, Србија и Косово.





Во рамките на проектните активности во текот на годината продолжија да функционираат воспоставените пет телефонски линии за психо-социјална поддршка на старите лица и лица со попреченост. Општинските организации и ЦКГ Скопје имплементираа и активности за здраво стареење. Од 19-23 јуни 2023 година, во Белград, Србија беше реализиран тренинг за брза проценка на пазарот, на кој учествуваа претставници од Црвен крст на РСМ кои работат на имплементација на алатката за поддршка на корисници преку финансиска поддршка или поддршка преку вредносни ваучери.

На покана на Европската платформа за возрасни и Европскиот форум за попреченост, партнерите на Регионалниот проект, учествуваа на втора обука за зајакнување на мрежите за застапување за долготрајна нега. Работилницата се одржа од 18-20 септември 2023 година во Брисел на која секој партнер го претстави својот План за адвокативност, подготвен врз основа на препораките дадени во истражувањето за пристап до долготрјана нега во државите.

Во рамките на проектот Црвениот крст на РСМ обезбеди поддршка на 10 здруженија на граѓани за имплементација на мали проекти за зголемена вклученоста на постарите лица и лицата со попреченост и нивното учество во заедницата. Во текот на месец октомври 2023 година беше одржана работилница со претставници на здруженијата со цел да се претстават резултатите остварени од имплементација на активностите на малите проекти, финансирани во рамките на регионалниот проект. На работилницата се одржа и состанок со претставници – членки на мрежата ИнклузиваМ за рамена на искуства и иницијативи за активно и здраво стареење.

## Ублажување на ефектите и последиците од КОВИД-19

Во рамките на проектните активности „Ублажување на ефектите и последиците од КОВИД-19 врз најранливите во општеството со посебен фокус на постарите луѓе“ поддржани од страна на Австриското Министерство за социјална работа, здравство, грижа и заштита на потрошувачите и Австрискиот ЦК, организирани беа пет обуки со кои се обучени 75 негуватели за помош и нега на старите лица. Со проектот беа одржани и обуки за едукатори кои ја спроведуваат обуката. Дополнително во текот на годината беа одржани уште две обуки со кои се опфатија 30 долгорочно невработени лица, како и еден тренинг за едукаторите кои ја спроведуваат програмата во ООЦК Дебар. Во рамките на проектот беа одржани три работилница за едукација на негуватели за помош и нега на стари лица за ризиците од семејно насилство и родово базирано насилство. Целта на едукацијата беше да се сензибилизираат обучените негуватели за ризиците од семејно и родово-базирано насилство врз старите лица и лицата со попреченост, препознавање на знаците на насилство, пријавување на проблемот и поврзување со надлежни институции во системот, одговорни за заштита на жртвите на семејно и родово-базирано насилство.

На работилниците учествуваа 90 негуватели кои беа обучени преку општинските организации на Црвен крст Кичево, Куманово, Струга, Дебар, Велес, Кочани и ЦКГ Скопје. За потребите на негувателите, подготвен е прирачник за препознавање на семејното насилство и родово базирано насилство над жените и истиот е испечатен на македонски и албански јазик.

## Развој на услуги за интегрирана долгорочна грижа и поддршка во заедниците

Во рамките на проектот ,,Развој на деловни услуги за интегрирана грижа и поддршка во ЦКРСМ'' поддржан од Австриска Агенција за развој, Австриски ЦК и Швајцарски ЦК, воспоставена е услугата „Итно Копче“ за помош на стари лица и лица со попреченост во нивните домови. Со пилот услугата се опфатени 60 корисници. Преку поставени уреди старите и изнемоштени лица можат да повикаат помош при итен случај или незгода, преку контакт центарот на Црвен крст каде 24/7 има обучен тим на парамедици. Тимот располага со опремени наменски возила и потребни медицински материјали, доколку станува збор за посериозен случај тимот повикува професионална помош од соодветна институција.





Услугата се спроведува преку ЦКГ Скопје. Тимот на „Итно Копче" ја врши и услуга транспорт на стари и изнемоштени лица со наменските возила, услугата се закажува преку ангажирани телефонски оператори. Во рамките на проектот предвидено е да се отвори Социјално медицински Центар (СМЦ) на крајбрежјето на Охридското езеро во општина Струга по современи стандарди, со цел квалитетно и професионално згрижување на стари и изнемоштени лица.

За таа цел е изготвено истражување на пазарот во Струшкиот регион, како и студија на изводливост на објектот предвиден за СМЦ. Изработен е и бизнис план кој е базиран на истражувањето на пазарот и студијата за изводливост со кој е направен увид во економската одржливост на СМЦ во дадените услови. Со проектот од страна на ЦКГ Скопје се организирани 4 обуки за негуватели за помош и нега на стари лица со кои се опфатени 60 лица.

Во рамки на проект поддржан од Европската унија, претставена преку Европската комисија беше предвидена поддршка на услугата „Итно Копче" преку финансирање на дополнителни 50 корисници на услугата во пилот фазата, како и дополнителна поддршка при спроведување на обуките за негуватели. На 28 и 29 септември во организација на Европскиот центар за истражување и градење политики претставници на Црвен крст на РСМ и МТСП присуствуваа на Завршната конференција во Виена, Австрија. На 29 септември се одржа партнерски состанок за проектните активности, ефектите и резултатите од досегашната имплементација, како и можност за интеграција на услугата „Итно копче" во системите за поддршка во нашата држава. Во октомври во Центарот за социјални претпријатија се одржа работен состанок со претставници на Црвениот крст, МТСП, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување со цел да се претставаат резултатите од пилотирањето на услугата „Итно копче" и дискутираат можности за интегрирање на услугата во системите за социјална и здравствена заштита.

## Подобрување на социјализација на деца и млади со попреченост

Црвениот крст на РСМ во соработка и со поддршка на Комерцијална банка АД Скопје тринаесет години во континуитет ги имплементираше активностите во рамки на Проектот „Подобрување на социјализацијата на деца и млади со попреченост“. Преку 7 општински организации на Црвен крст и ЦКГ Скопје во текот на годината се имплементираа активностите за подобрување на социјализацијата на децата од дневните центри и децата во згрижувачки семејства. Со проектните активности опфатени беа 340 деца со попреченост на возраст од 3-26 години со вклученост на млади волонтери на Црвениот крст.



## Заедно сме посилни во дигиталниот свет

Црвен крст на РСМ во соработка со Здружението на професионалци консултанти „Подготвеност за Европа“ во период од шест месеци, спроведе проектни активности насловени „Заедно сме посилни во дигиталниот свет“. Проектот се реализираше преку механизмот за граѓанска отпорност на Европската Унија - Програма за директна поддршка на граѓанските организации, финансиран од ЕУ. Целта на овие проектни активности беше да се зголеми социјалната вклученост на старите лица во современиот дигитален свет и нивно активно стареење. Работилниците за основни дигитални вештини и безбедност на интернет со групите идентификувани постари граѓани, беа спроведени од обучени волонтери на 7 општински организации на Црвениот крст и ЦКГ Скопје. Во секоја општина беа одржани по 13 работилници, со кои беа опфатени 150 стари лица над 60 години.







## Пункт за бездомници

Пунктот за бездомници во Момин Поток во Скопје кој функционира преку ЦКГ Скопје, во период јануари-декември 2023 во просек го посетија 170 бездомни лица. Бездомните лица во пунктот добиваат услуги од фризер/бербер, преглед и совети од доктор како и лекови, топол оброк и напитоци, стручно-советодавен разговор со социјален работник и психолог. Реализирани се 2.027 посети од бездомниците кај докторот. Кај профилот социјален работник реализирани се 787 посети. Во овој период реализирани беа 98 стручно-советодавни разговори од страна на психологот со бездомните лица. Во текот на годината беа реализирани 8.155 посети од страна на бездомниците.

## Обуки според верификувани програми на Црвен крст на РСМ

Црвениот крст на РСМ во 2023 година спроведе обуки во рамки на четирите верификувани програми на Црвениот крст - лична асистенција на лица со попреченост, негуватели за помош и нега на стари лица, асистенти за нега на лица со алцхајмерова болест и палијативни негуватели на изнемоштени лица. Црвениот крст на РСМ со поддршка на УНДП спроведе две обуки за асистенти за нега на лица од алцхајмерова болест, како и за палијативни негуватели на изнемоштени лица преку ЦКГ Скопје со кои беа обучени 23 долгорочно невработени лица. Во текот на годината беа одржани 11 обуки за лична асистенција на лица со попреченост со кои беа опфатени 175 лица долгорочно невработени, и беа одржани 13 обуки за негуватели за помош и нега на стари лица со кои беа обучени 210 ранливи лица. Во ноември и декември започнати се обуки за лична асистенција во 4 ООЦК, кои се предвидени да завршат во јануари 2024 година. Обуките беа организирани со поддршка на донатори и партнери на Црвениот крст на РСМ.



# КАМПАЊИ НА ЦРВЕН КРСТ

## Вашиот прилог - значајна помош

Црвениот крст на РСМ од 17 до 23 април 2023 година ја одбележа традиционалната „Недела на солидарност", под мотото „Вашиот прилог - значајна помош". Во рамките на неделата се организираше акција за обезбедување на помош во храна, облека, обувки, средства за хигиена. Целта на акцијата беше да се подигне свеста на населението за потребната меѓусебна поддршка, како и да се обезбеди соодветна помош за најранливите категории на население. Во рамки на акцијата можеше да се донираат и средства наменети за обезбедување на храна за семејства на кои таа помош им е неопходна. Во акцијата беа обезбедени 9.860 кг храна, 5.450 кг облека, 1.300 кг средства за хигиена и 680 обувки. Помошта се дистрибуираше на 2.140 семејства во социјален ризик.

## Меѓународен ден на старите лица

Црвениот крст на РСМ со пригодни активности се вклучи во одбележување на 1 октомври – Меѓународен ден на старите лица под мотото „Исполнување на ветувањата од Универзалната декларација за човекови права за постарите лица: низ генерации". По повод одбележување на 1 октомври, беа организирани информативни работилници за правата на старите лица, едукативни работилници на теми од интерес на постарите граѓани, креативни работилници со постарите лица, како и активности наменети за активно и здраво стареење.

## Помислете и на нас

Црвениот крст по повод „Неделата на борба против гладта" која се одбележа од 16 до 22 октомври, организираше кампања под мотото „Помислете и на нас". Со кампањата, како и со многу други хуманитарни активности, Црвениот крст дава придонес во севкупните напори кои се преземаат во државата за намалување на сиромаштијата и социјалната исклучениот на граѓаните. Во рамките на кампањата се организираа хуманитарни акции за обезбедување донации во парични средства и храна во соработка со стопанските комори во РС Македонија, компании, образовно - воспитни институции, здруженија на граѓани, и граѓани. Помошта беше наменета за ранливи целни групи на население во заедниците. Во кампањата обезбедени се 18.648 кг храна и истата е дистрибуирана на 1.790 лица во социјален ризик.

## Сите сме нивни деца

Од 20 до 26 ноември 2023 година се одбележа „Неделата на грижа на старите лица" под мотото: „Сите сме нивни деца". Целта за одбележување на неделата беше да се подигне јавната свест за потребата од зголемена интеграција на старите лица во сите

сфери на општествениот живот, како и потреба за обезбедување грижа и помош на старите лица. Поддршка во одбележување на неделата беше обезбедена од УНФПА со која Црвениот крст на РСМ остварува соработка на актуелни прашања наменети за старата популација, како и здравствена превенција на ранливи целни групи население. Обезбедена беше поддршка за функционирање на 7 мобилни тимови од волонтери на Црвениот крст за бесплатна услуга за набавка и достава на храна, хигиена, лекови и др. со која се опфатија 382 стари и осамени лица. По повод неделата, преку ЦКГ Скопје и општинските организации во земјата беа организирани 26 информативни работилници со кои беа опфатени 761 постари граѓани за нивно запознавање со правата од социјална и здравствена заштита со цел подобрување на нивниот квалитет на живеење и здраво стареење. Исто така беа организирани и акции за бесплатно мерење на шеќер во крвта со кои се опфатија 1042 стари лица.

## Превенција од трговија со луѓе

Црвениот крст на РСМ активно се вклучува во борбата против трговијата со луѓе и во текот на годината преку ЦКГ Скопје и 23 општински организации на Црвениот крст во земјата беа спроведени врснички едукации со млади за превенција од трговија со луѓе. Одржани се 61 работилница со кои се опфатени 1.477 млади од основни и средни училишта.

## Европски ден за борба против трговија со луѓе

По повод денот преку општинските организации на Црвен крст во земјата беа одржани 23 работилници за превенција со млади од основни и средни училишта, како и со волонтери од Клубови на млади на Црвениот крст. Превентивните лекции имаа за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита. Со работилниците беа опфатени 546 млади. На 24 и 25.10.2023 година Општинската организација на Црвен крст Куманово во Занаетчиски дом - Куманово организираше настани за промоција на краток филм „Трговија“., чие сценарио е токму трговијата со луѓе, а целта беше да се испрати порака, како и да се подигне свеста на младите за ова тешко дело, кое директно ги крши основните човекови права.

На промоцијата на двата настани присуствуваа 200 лица. Филмот беше прикажан и во Пробиштип во присуство на 90 млади лица.






# ЗДРАВСТВЕНО ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

## ЗДРАВСТВЕНО ПРЕВЕНТИВНИ УСЛУГИ ВО ЗАЕДНИЦАТА

### Превенција на ХИВ/СИДА и намалување на штети од употреба на дрога

Намалување на штетите од употреба на дрога е проект наменет за лицата – корисници на дрога и се одвива на територијата на три општински организации во Кичево, Велес и Прилеп. Целта на проектот е намалување на штетите од употребата на дрога, во насока на подобрување на здравствениот, социјалниот и економскиот статус на корисниците. Со проектот беа опфатени 559 лица од корисничката популација. За потребите на корисниците се поделени: 51.218 игли, 35 683 шприцеви, 2663 кондоми, 1830 лубриканти, 1593 ИЕК, реализирани се 1.209 различни социјални и 1.872 медицински услуги.

### Безбедни и иновативни здравствени услуги во заедницата

Црвениот крст на РСМ во 2023 година ги поддржа активностите на УНФПА и Министерство за здравство за обезбедување на мобилни гинеколошки амбуланти во рурални средини во државата. Волонтерите на Црвениот крст во периодот февруари- јуни активно беа вклучени во поддршка на мобилните гинеколошки амбуланти во 7 општини во државата каде што се спроведуваше скрининг на рак на грло на матка на ранлива категорија на жени. Црвениот крст обезбеди административна поддршка, мапирање и информирање на ранливата категорија на жени со цел жените кои живеат во пооддалечените места со отежнат пристап до здравствени услуги за сексуално и репродуктивно здравје да се информираат за работата на мобилната амбуланта.

# ПРЕВЕНЦИЈА НА ХРОНИЧНИ ЗАРАЗНИ И НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

## Здраво срце, Среќно срце

Традиционалната Недела на борба против срцево садови заболувања се одбележа од 21-28 февруари 2023 година по мотото "Здраво срце, Среќно срце". По повод Неделата, општинските организации на Црвен крст и ЦКГ Скопје организираа едукативни предавања и трибини, мерење на крвен притисок како и споделување на објави на социјалните мрежи со цел подигање на јавната свест за важноста од превенција и навремено дијагностицирање на овие болести. Како целна група за овие едукативно превентивни активности беа опфатени ученици од средни училишта и повозрасните лица како ризична група за развивање на срцево-садови заболувања.

## Знаењето спасува живот

Согласно календарот на традиционални активности Црвен крст на РСМ од 01 до 08 март 2023 година ја одбележа Неделата на борба против рак под мотото ''Знаењето спасува живот,,. За одбележување на неделата на борба против рак 32 ООЦК и ЦКГ Скопје организираа едукативни работилници за подигнување на јавната свест и едукација на населението на РС Македонија за навремена превенција на малигни заболувања. Со овие активности се опфатени 2.347 лица.

## Да! Можеме да ставиме крај на ТБ

Црвениот крст на РСМ во периодот од 14-21 септември 2023 година ја одбележа Неделата на борба против туберкулоза под мотото "Да! Можеме да ставиме крај на ТБ,,. Општинските организации на Црвен крст и ЦКГ Скопје, организираа едукативни работилници со кои беа опфатени 2.521 лице и споделуваа објави на социјалните мрежи со цел подигање на свеста на населението за оваа болест и нејзина елиминација од нашата држава.

## Глобална солидарност, заедничка одговорност

Црвениот крст на РСМ, во периодот од 1-7 декември 2023 година ја одбележа Неделата на борба против ХИВ/СИДА, под мотото "Глобална солидарност, заедничка одговорност". Општинските организации на Црвен крст организираа врснички работилници за ХИВ/СИДА со опфат на 2.828 млади лица во средните училишта, на кои беа делени кондоми, промотивен и информативен материјал. Сите овие активности беа во насока на подигнување на јавната свест за важноста од превенција и рано дијагностицирање на ХИВ/СИДА со посебен акцент на младата популација и намалување на стигмата поврзана со луѓето кои живеат со ХИВ вирусот.





# ПРВА ПОМОШ

## Јакнење на капацитетите на заедницата

Во текот на 2023 година, Општинските организации и ЦКГ Скопје, спроведоа 1.968 курсеви по прва помош за кандидати на возачи на моторни возила и обучија 24.477 лица, 174 курсеви за работни организации, и обучени се 856 лица и организирани се 58 курсеви за пловни објекти со обучени 182 лица.

## Јакнење на капаците на национално друштво

Црвен крст на РСМ во период од 13-14 мај 2023 и  27-28.05.2023 одржа две обуки по прва помош за нови предавачи и демонстратори за наставната програма за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода. На обуките присуствуваа 45 кандидати од 13 ООЦК и ЦКГ Скопје од кои 23 кандидати за предавачи и 22 кандидати за демонстратори по прва помош.

Со овие обуки Црвениот крст на РСМ создава квалитетни предавачи и демонстратори кои на правилен и соодветен начин ќе го пренесат своето знаење од областа на прва помош на кандидатите за возачи на моторни возила.

## Инвестираме во младите

Црвениот крст на РСМ во 2023 година ја продолжи кампања по прва помош под мотото “Првата помош спасува живот” наменета за ученици од основни и средни училишта на возраст од 12-18 години на територија на РС Македонија. Главна цел на кампањата беше да се подигне свеста кај младата популација за значењето на првата помош како живото-спасувачка вештина. Општинските организации спроведоа 736 обуки по прва помош и едуцираа 13.556 ученици од основните и средните училишта во државата кои стекнаа основни знаења и вештини за укажување на прва помош.

## Државен натпревар по прва помош

На 23 септември Црвениот крст на РСМ во Младинскиот парк Велес  го организираше 29-от Државен натпревар на екипите по прва помош. На натпреварот учество зедоа 30 екипи. Победник на годинешниот натпревар е екипата на ООЦК Велес, второпласирана е екипата на ООЦК Струмица, а третото место и припадна на екипата на ООЦК Куманово. Првата помош е непроценлива животна вештина која децата треба да ја надградуваат во текот на животот. Црвениот крст на РСМ и во иднина ќе продолжи да ги едуцира и инспирира младите во државата со духот на хуманоста, човечноста и љубезноста што се дел од визијата и мисијата на Црвениот крст.

## Меморандуми за соработка

Црвениот крст на РСМ на 19 јуни во Спомен куќата Мајка Тереза – Скопје, организираше настан за промоција на постигнатите резултати од кампањата под мотото Првата помош спасува живот.  На настанот се потпишаа и меморандуми за соработка со Министерството за образование и наука и во знак на благодарност за досегашната соработка им беа доделени благодарници на Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, министерот за образование и наука д-р Јетон Шаќири и на градоначалникот на Град Скопје г-ѓа Данела Арсовска.

## Симулациска вежба „Хуманитарен одговор 2023“

Црвениот крст на РСМ на 18-ти октомври 2023 година во Скопје организираше симулациска вежба во итна ситуација–земјотрес. Вежбата се организираше по повод одбележување на 60 години од катастрофалниот земјотрес во Скопје, како и зачестените катастрофи во земјата и регионот. Целта на вежбата беше да се претставaт капацитетите на Црвениот крст на РСМ во координираниот пристап за одговор при кризни состојби и декларирање на нови можности за унапредување на партнерската соработка со сите релевантни чинители во системот за кризен менаџмент во државата. Покровител на настанот беше Претседателот на РСМ г-дин Стево Пендаровски.

Учесници на вежбата беа Црвениот крст на РСМ, Центарот за управување со кризи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Министерството за надворешни работи, Дирекцијата за заштита и спасување, Армијата на РСМ, Итна медицинска помош – тријажен центар и укажување на прва помош, Министерство за труд и социјална политика, Македонска радио телевизија, Противпожарната територијална единица, Комора на психолози, ГОБ 8-ми Септември, приватни клиники и Агенцијата за храна и ветерина.

Покрај нив, учествуваа и тимовите по прва помош и прва психолошка помош од  општински организации на Црвениот крст, како и тимови на национални друштва на Црвен крст од регионот (Хрватска, Србија, Бугарија, Албанија, Црна Гора и Германија). На вежбата беа проиграни 8 ситуации во кои беа опфатени следните активности: извлекување од урнатини, обезбедување на ред и мир и спасување со кучиња, гаснење пожар и спасување на повредени лица, спасување и транспорт со хеликоптери, тријажа на повредени, транспорт на повредени со санитетски возила до болница, укажување на прва помош и прва психолошка помош и психо-социјална поддршка, спасување и транспорт на повредени преку река,  евакуација на ученици, евакуација и спасување на лица од трибина на фудбалски стадион и спроведување крводарителска акција при кризна состојба.






# ЦЕНТАР ЗА МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ И ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

## Национален тим за психо-социјална поддршка

Воспоставениот национален тим за психо-социјална поддршка на Црвен крст на РСМ има за цел да дејствува при кризни и итни ситуации со обучени лица за испорака на прва психолошка помош и психо-социјална поддршка. Психо-социјалните тимови се состојат од волонтери со стручни познавања од сферата на психологијата, медицината, социјалната работа, и истите делуваат при катастрофи и несреќи од поголем размер, како и во мирновременски услови ќе дејствуваат превентивно.

## Психо-социјална поддршка на вработени и волонтери

Во рамки за активностите за психо-социјална поддршка на вработени и волонтери реализирани се активности за обучување на вработени и волонтери за прва психолошка помош, зајакнување на отпорноста преку психо-едукативни работилници, учење на техники за справување со стрес и стресни настани, групна поддршка и други видови на интервенции.

Во јануари спроведени се 10 индивидуални средби со 10 вработени лица. Во текот на годината одржани се 15 работилници за лична грижа преку арт експресивна терапија и опфатени се 51 волонтери и вработени, а 98 лица се обучени за ППП и ПСП, со цел за да се зајакнат капацитетите на националното друштво.

Во рамки на активностите на Центарот за ментално здравје и психо-социјална поддршка на Црвениот крст на РСМ, формирани се групи за поддршка на помагачи и волонтери. Експресивната арт терапија е мултимодален и длабински пристап кој се темели на хуманистички, психодинамски и егзистенцијални основи, каде преку употреба на креативниот процес се обезбедува раст, исцелување и трансформација. Работилниците се водени од лиценциран психолог и практичар со користење техники на ексресивната арт терапија, и истите се реализираат еднаш месечно со секоја група.

## Психо-социјална поддршка на лица од Украина

Црвениот крст на РСМ обезбедува поддршка на лица од Украина преку различни активности, кои вклучуваат: индивидуални сесии со социјален работник, психолог или психотерапевт, групни сесии со времетраење од 1,5 ч. Сесиите беа спроведувани од лиценциран психолог, со употреба на различни техники за управување со стресот. Реализирани се 24 групни сесии за психо-социјална поддршка на лицата од Украина, со опфат на 40 лица. Во текот на годината беа спроведени различни социјални активности кои вклучуваат посети на музеи, посети на паркови и посети на зоолошка градина. Сето ова беше реализирано за позитивно влијание врз менталното здравје на лицата од Украина. Исто така беше обезбеден посебен простор за деца, кој беше посетуван два пати неделно во времетраење од 3 часа. Ова детско катче придонесе многу за подобрување на вкупната благосостојба на децата.



## Работилници и трибини за психосоцијална поддршка

Во текот на годината беа успешно реализирани трибини и работилници за подигнување на свеста околу стигмата за менталното здравје, психо-социјалната поддршка и психо-едукација. Во месец март се реализираа 27 психо-едукативни работилници за прва психолошка помош и психо-социјална поддршка со стручните служби и волонтерите од различни програми на Црвениот крст. Работилниците беа спроведени од страна на ЦКГ Скопје и ООЦК Струга, Охрид, Велес, Струмица, Куманово, Кочани, Прилеп, Битола и Гостивар и беа опфатени 515 учесници.

Во месец октомври се одржаа 32 трибини во сите ООЦК/ЦКГ Скопје по повод одбележување на 10-ти октомври, денот на менталното здравје. Трибините беа организирани на тема Важноста на менталното здравје во заедницата со опфат на над 1000 лица. Целта на активностите беше унапредување на менталното здравје и споделување на знаењата од областа на првата психолошка помош, психо-социјална поддршка, резилиентност и прегорување кај вработени и волонтери, како и стрес и справување. Во рамки на унапредување на менталното здравје кај младите, во периодот од февруари до март се реализираа трибини за ментално здравје кај средношколци во соработка со град Скопје, со опфат на 100 ученици.

## Зајакнување на отпорноста на старите лица и лицата со попреченост

Црвениот крст на РСМ располага со 5 телефонски линии за зајакнување на отпорноста на старите лица и лица со попреченост. Преку 5 организации на Црвен крст во Скопје, Кочани, Велес, Битола и Гостивар, спроведени се активности за здраво стареење во кои се опфатени повеќе од 600 стари лица месечно. Активностите имаа за цел да се зачува менталното здравје и отпорност преку обезбедување на услуги за психо-социјална поддршка на старите лица и лицата со попреченост.




# КРВОДАРИТЕЛСТВО

## Крводарителски акции

Црвениот крст на РСМ и Институтот за трансфузиона медицина во 2023 година реализираа 59.859 единици крв или планските обврски беа исполнети со 108.83%. Споредбено со од 2022 година забележани се подобри резултати за 3.029 единици крв. Во градот Скопје, општинските организации на Црвен крст Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир во 2023 година реализираа 19.920 единици крв или планските обврски ги исполнија со 123.60%. Во општинските организации на Црвен крст од внатрешноста, во 2023 година беа реализирани 39.939 единици крв. Во Градската општа болница “8-ми Септември” во Скопје, во службата за трансфузиона медицина во 2023 година реализирани се 2.030 единици крв. Во Дневниот центар за дарување на крв во ДХО “Даре Џамбаз” во Скопје во 2023 година реализирани се 2.742 единици крв од кои 2.546 со самоиницијативно дарување на крв од граѓаните на Скопје и преку организирани крводарителски акции беа собрани 196 единици крв.

Планските обврски за крводарителство во 2023 година ги исполнија 20 општинските организации на Црвен крст: Битола 143.91%, Валандово 101.03%, Велес 206.40%, Виница 238.33%, Гевгелија 100.11%, Делчево 175.51%, Кавадарци 225.25%, Крива Паланка 154.63%, Крушево 100.79%, Неготино 130,45%, Прилеп 102.38%, Пробиштип 126.25%, Ресен 100.00%, Свети Николе 189.22%, Струга 111.15%, Штип 172.69%, Гази Баба 127.94%, Карпош 112.45%, Центар 226.35% и Чаир 123.60%., а најдобри резултати во крводарителство во 2023 година оствари ООЦК Центар. Тимот за координација, во текот на 2023 година одржа 62 координативни состаноци и координираше 754 крводарителски акции на терен.



## Едукативни форми за доброволно крводарителство

Во периодот од 12-14 мај 2023 година во Струга, се одржа семинар за крводарителство на тема "Бенефиции на крводарители во РСМ" со учество на 19 учесници од Црвен крст на РСМ, претставници на Министерство за здравство, Фондот за здравствено осигурување на РСМ, МТСП, Генералштаб на АРСМ, Институт за трансфузиона медицина, Гранков синдикат за сообраќај при ССМ, членови на Клуб на крводарители на ЦКГ Скопје (ОКТА Рафинерија, Комерцијална банка, ЈСП-Скопје, Макпетрол и АРСМ) и гости од Црвен крст на Србија. На работилницата беа разработени повеќе теми поврзани со бенефициите на крводарителите и беше разработена предлог Кампања за социјален маркетинг за бенефиции на крводарители.

## Работилници за врсничка едукација за млади тренери за доброволно крводарителство

Во периодот од 21-23 октомври и 17-19 ноември 2023 година во Струга се одржаа две работилница за врсничка едукација за млади тренери за доброволно крводарителство. На првата работилница присуствуваа четири инструктори за врсничка едукација за крводарителство од Црвениот крст на Србија и 13 учесници од ООЦК и ЦКГ Скопје. На втората работилницата зедоа учество 21 учесник од ООЦК и ЦКГ Скопје.

Целта на обуките беше организирање и промовирање на крводарителска акција, запознавање со улогите и задачите на стручните соработници и волонтери на Црвен крст и задачите и компетенциите на ИТМ, комуникација со службата за трансфузиона медицина, комуникација помеѓу самите волонтери на крводарителската акција, следење на успешноста на акцијата, решавање на моментални проблеми и задачи. Учесниците на работилницата исто така беа запознати со активностите на Црвениот крст во делот на доброволното крводарителство преку нормативните акти кои ја регулираат работата на националното друштво во делот на крводарителството во РСМ.




## 17 март – Денот на крводарителството во РСМ

На 17 март 2023 година во хотел Double Tree by Hilton во Скопје се одржа свечен настан по повод одбележувањето на 17 март – Денот на крводарителството во РСМ. Со пригодни зборови се обратија претседателот на Црвен крст на РСМ проф. д-р Ромел Велев и министерот за здравство во Владата на РСМ д-р Фатмир Меџити. За време на настанот беше прикажана 5 минутна видео сторија за крводарителство снимена во Дневниот центар за дарување на крв во ДХО "Даре Џамбаз". Министерот за здравство ги додели признанијата на првопласираните три општински организации на Црвен крст Виница, Кавадарци и Центар за исполнет план за крводарителство во 2022.

## V-ти Форум за доброволно крводарителство

По повод 14 јуни – Светскиот ден на крводарителството, Црвениот крст на РСМ го организираше V-ти Форум за доброволно крводарителство во периодот од 09-11 јуни 2023 година во Струга на тема "Нов концепт за доброволно крводарителство кај младата популација". На Форумот на кој беа присутни 16 учесници од општинските организации се дискутираше новиот концепт за доброволно крводарителство во РС Македонија и врсничка едукација за промовирање на доброволното крводарителство.



# ПОДГОТВЕНОСТ И ОДГОВОР ПРИ КАТАСТРОФИ

## Ревидирањето на стандардни оперативни процедури

Во 2023 година националното друштво ги ревидираше стандардните оперативни процедури (СОП) за подготвеност и одговор при катастрофи на Црвен крст на РСМ со цел да се обезбеди навремено и координирано преземање дејствија во вонредни ситуации. СОП е документ кој е наменет за лицата вклучени во спроведување на активностите на Црвениот крст во случај на катастрофи и треба да помогне во процесот на носење одлуки и извршување на задачите за да се обезбеди појасен преглед на обврските и чекорите во постапување кои се од суштинско значење за стекнување одговорност и за мерење на ефикасноста во работењето. За користење на СОП се организираа 2 едукативни тренинга за обука на 50 вработени и волонтери.

## Стратешко планирање

Црвен крст на РСМ подготви Стратешки план за подготвеност и одговор при катастрофи за периодот 2023-2027 година со цел да се унапредат институционалните капацитети за подготвеност и одговор при катастрофи. Стратешкиот план обезбедува насоки за развојот на националното друштво во активностите опфатени со подготвеноста и одговорот при катастрофи, како едни од суштинските активности кои ги спроведува националното друштво во рамките на својот мандат.

## Поддршка за казнено поправен дом Идризово

Во 2023 година Црвениот крст на РСМ обезбеди хуманитарна поддршка за КПД Идризово составена од: 50 семејни хигиенски пакети, 25 душеци за кревет, 10 сунѓерести душеци за кревет 3.444 парчиња двопек, 6.600 четки за заби, 3.200 жилети, 2.530 влошки, 8.063 леба, 2.592 парчиња мусли бар, 3.200 сапуни и 120 кг. Мусли.

## Поплави

Во месец август поројните дождови доведоа до поплавување на голем број семејни куќи што резултираше Владата на РСМ да прогласи кризна состојба на дел од територијата на РС Македонија на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка. Црвениот крст преку ООЦК Крива Паланка обезбеди 2 тима и 2 возила, а ООЦК Делчево обезбеди 1 тим и 1 возило кои помогнаа во утврдување и процена на фактичка состојба на терен во поплавените подрачја. Согласно направената проценка ООЦК Делчево обезбеди 85 семејни хигиенски пакети а ООЦК Крива Паланка дистрибуираше 25 семејни хигиенски пакети.

## Соработка со Факултет за безбедност

Во рамките на соработката со Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Факултет за безбедност Скопје, во центарот за подготвеност и одговор при катастрофи на 4.05.2023 год. на студенти од 4 година им се одржа предавање за местото и улогата на Црвениот крст на РСМ, за подготвеност и одговор при катастрофи со цел подобро да се запознаат со улогата на Црвениот крст при менаџирањето на катастрофи. Покрај споделените искуства, работилницата овозможи и дополнително зајакнување на соработката помеѓу двете институции.

## Меѓународна вежба

Во периодот 21-24.09.2023 во тренинг центарот на Црвен крст Бугарија – Лозен, се одржа национална вежба за проверка на подготвеноста на тимовите за одговор при катастрофи организирано од Бугарски Црвен крст и Црвен крст Софија. Црвен крст на РСМ учествуваше на вежбата и даде поддршка со три лица во делот на прва психолошка помош, прва помош и логистика. Вежбата имаше за цел да се обезбеди проверка на капацитетите на тимовите за одговор при катастрофи во делот на спасување и пребарување во случај на земјотрес и поплава, евакуација на настрадани и повредени и сместување.

Во рамки на вежбата учествуваа тимови за: спасување на планина, спасување на вода, пребарување и спасување (служба со кучиња), прва помош, прва психолошка помош, служба барање и логистика, кои се во рамки на Црвен крст Бугарија, а поддршка на вежбата дадоа и тимовите на цивилна заштита при противпожарната служба и брзата помош.



## Стокови резерви

Со одлука на Владата на РС Македонија од 20 ноември 2022 година Црвениот крст на РСМ доби 15.000.000,00 денари, наменети за стокови резерви. Со добиените средства Црвениот крст на РСМ ги обезбеди следниве количини на стокови резерви за поддршка на целни категории при итни состојби: 2.250 семејни пакети со храна, 3.000 семејни хигиенски пакети, 507 бебешки хигиенски пакети, 7.000 ќебиња. 555 креветчиња, 915 душеци, 1.000 сета постелнина, и 25.000 литри вода.

## Соработка со институции

На 16 мај на локација СРЦ Сарај во организација на ДЗС во соработка со Амбасадата на Р. Грција, се одржа меѓународната вежба за пребарување и спасување од урнатини "Земјотрес Скопје". На вежбата учествуваа тимови за пребарување и спасување од урнатини од Солун, Р. Грција, ДЗС, ТППБ на град Скопје и тимот од Црвен крст на РСМ. Вежбата под мотото "Солидарност" се организираше по повод одбележувањето на 60 годишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје, и претставува чекор напред кон градењето успешна и конзистентна соработка во заштитата и спасувањето.

## Национална симулациска вежба

На 23.03.2023 година, во просторите на Центарот за подготвеност и одговор при катастрофи на Црвениот крст на РСМ во Момин поток - Скопје, се одржа "Национална симулациска вежба„ со сценарио земјотрес, погодени делови во југоисточна Република Северна Македонија, на која се тестираше софтверска апликација на национално ниво за управување со стокови резерви во случај на катастрофа.

## Регионална симулациска вежба

На 18.04.2023 година, се одржа онлајн регионална симулациска вежба на која се тестираше софтверска апликација за управување со стокови резерви во случај на катастрофа.

На вежбата со замислено сценарио на поплава која истовремено ги зафаќа земјите кои се вклучени во проектот учествуваа национални друштва на Црвен крст од Бугарија, Хрватска, Црна Гора, Србија и Австрија.

## Договор за преку-гранична соработка

Во периодот од 7-9 јуни во организација на Црвен крст Бугарија се одржа финална конференција во рамките на проектот Зајакнување на преку-граничната подготвеност преку заедничко менаџирање на стоковите резерви за итни состојби во Југоисточна Европа.

На финалната конференција присуствуваа претставници на Црвен крст и претставници на Цивилните заштити од Србија, Бугарија, Црна Гора, Хрватска, Северна Македонија претставници од Меѓународната Федерација, претставници на мрежата за меѓусебна помош на Црвениот крст "Соседите први помагаат" од Албанија, Босна и Херцеговина, Романија, Словенија, како и претставник од иницијативата за подготвеност и превенција ДППИ СЕЕ и Европска комисија.

Во рамките на конференцијата беше потпишан договор за продолжување на соработката и проширување на составот на партнерските организации кои учествуваат во механизмот Х-Сток во наредните години.

# БЕЗБЕДНОСТ НА ВОДА

Во 2023 година центрите за безбедност на вода реализираа вкупно 5 курса за спасители на вода со вкупно 37 обучени спасители.

- Курс за спасители на отворени води Охрид 2023;
- Курс за спасители на отворени води Струга 2023;
- Курс за спасители на затворени води и аква паркови Скопје 2023;
- Курс за спасители на затворени води и аква паркови Велес 2023;
- Курс за спасители на затворени води и аква паркови Струмица 2023.

Спасителите на отворени води и затворени води беа ангажирани на капалиштата во Охридското и Струшкото крајбрежје, Аква парк во Скопје и затворени и отворени базени во Скопје, Велес, Кавадарци и Струмица.



# ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА БЕГАЛЦИ И МИГРАНТИ

Националната програма за помош и поддршка на бегалци и мигранти во РСМ, во 2023 година бележи континуитет и продолжување на активностите насочени кон намалување на ранливоста на лицата во движење и нивна поддршка во рамки на привремениот престој во ПТЦ „Винојуг" и ТЦ „Табановце".

Поддршката во 2023 година продолжи и во Хуманитарно Сервисната Точка (ХСТ) во с. Лојане, општина Липково, каде се нотира тенденција на движење на ирегуларни мигранти.

Мобилните тимови преку мобилните кујни на ЦКГ Скопје во транзитните центри дистрибуираа хуманитарна помош во вид на топли оброци и конзервирана храна, вода и топли напитоци како и млеко за бебиња и храна за дијабетичари.

Преку дистрибутивните центри, лицата во движење добиваа ќебиња и хигиенски пакети за мажи/жени и деца, облека и зимски сетови. Акцент во 2023 година се стави на укажување на прва помош и поддршка во воспоставување на семејни врски и семејно обединување што како активност се спроведува во рамки на службата за барање.

Медицинските мобилни тимови на трите локации вршеа транспорт од/во здравствени установи за секундарна медицинска помош, како и посета на хоспитализирани лица како поддршка во процесот на закрепнување. Во ХСТ во с. Лојане, поддршката продолжи во вид на дистрибуција на пакети со храна, вода и ќебиња, односно укажување на прва медицинска и психолошка помош.

Постојаната канцеларија на ЦКГ Скопје во с.Лојане освен поддршката за лицата во движење, спроведе активности со локалната заедница, како што се едукативни сесии за превенција од топлотен и студен бран, грижа за стари и изнемоштени лица и настан со новогодишни пакетчиња за деца во социјален ризик.

Локалниот контекст на ХСТ во с.Лојане во 2023 година доби свое признание за мапирање на канцеларијата во мрежата на хуманитарни точки на Организацијата на Обединетите нации.



## Услуги за странски државјани во Прифатниот центар за странци – Скопје

ЦКГ Скопје во 2023 година продолжи со поддршка во укажување примарна здравствена и психо-социјална заштита како и служба барање за лица од странски држави кои по разни основи, согласно Законот на странци на РСМ, се задржани во Прифатниот Центар за странци – Скопје.

Во 2023 година, прва помош и медицинска заштита беше укажана на 336 лица со регистрирани 655 асистенции и интервенции, три посети на офицерот за заштита и ПСП.

Постојаната канцеларија на ЦКГ Скопје во рамки на Центарот за странци во 2023 година беше целосно реновирана и екипирана согласно стандардите на СЗО и МФЦК/ЦП.



## Поддршка за лицата од Украина со привремен престој во РСМ од хуманитарни причини

Во текот на 2023 година, во соработка со Меѓународната Федерација и Швајцарски ЦК, континуирано се даваше поддршка на околу 280 лица од Украина кои ја напуштиле нивната матична земја како последица на воениот конфликт. Фокус на активностите беше процесот на регистрирање и првична проценка на нивните потреби, поддршка со хуманитарна помош, вредносни ваучери и готовински трансфер, олеснување на пристапот до здравствена заштита, психо-социјална поддршка и активности за социјализација. Во текот на 2023 год. дистрибуирани се 500 пакети со прехранбени и хигиенски производи, 300 ваучери за облека и обувки, 100 потрошувачки картички за ланецот маркети TINEX кои се дополнуваа во неколку трансфери и обезбедена е финансиска поддршка за 35 семејства кои овозможиле бесплатно сместување на лица од Украина.

Во текот на годината, континуирано се реализираа 230 часови по македонски јазик за 79 лица. Во насока на социјализација и дружење, организиран е летен камп за 50 деца и родители, а преку Детското катче, тим волонтери и фасилитатор, обезбедија поддршка за реализација на 101 вонучилишни и спортски активности за деца. Во делот здравствена заштита, за 15 најранливи лица овозможено беше остварувањето на правото за здравствено осигурување, за 20 лица овозможени беа здравствени прегледи/ интервенции и набавка на медикаменти во итни и животозагрозувачки ситуации. 15 лица од Украина посетуваа групни и индивидуални сесии за ПСС, а во насока на поддршка на 25 лицата од Црвен крст кои работата со оваа целна група, реализирана беше работилница за зајакнување на нивните капацитети. Активностите за поддршка на целната група е координирана од страна на ЦКГ Скопје, а се спроведуваат преку сите ООЦК на територија на државата во кои има регистрирано лица од Украина.

# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Односите со јавноста овозможија подобро претставување на мисијата, заложбите, и активностите на Црвениот крст пред корисниците, подржувачите, донаторите, дарителите, локалната заедница и други целни публики. Својот кредибилитет Црвениот крст на РСМ го градеше преку остварување на позитивна комуникација со секој свој партнер/корисник на услуги.

## Социјални мрежи на Црвен крст на РСМ

Редизајнирањето и надградувањето на интернет страницата на Црвен крст на РСМ овозможи простор за објавување на поголем број разновидни информации, чија структура е наменета за различни категории на посетители. Ваквото збогатување на веб страницата со интерактивни содржини придонесе за поголема посетеност од граѓаните на РСМ и пошироко. Информациите за интернет страница и социјалните мрежи на Црвен крст на РСМ редовно беа изработувани и постирани на македонски, албански и англиски јазик.

## Е – весник Инфо

Неделните изданија на електронскиот весник на Црвениот крст, претставуваат пример на успешна алатка за информирање на нашите волонтери, партнери, соработници и поддржувачи за активностите кои ги реализираме на локално, национално и меѓународно ниво. Во 2023 година беа подготвени 117 броеви на е-весникот Инфо со објавени 1.401 текстови. Весникот се дистрибуираше до 90.402 мејл адреси и истиот редовно се ажурираше и објавуваше на интернет страната на Црвен крст на РСМ со што јавноста во државата и пошироко имаше можност тековно да биде запознаена со активностите на организацијата.






## Публикации

Традиционалните недели дефинирани во Законот за Црвениот крст, како и голем број на проектни активности и стратешки документи во рамките на издавачката дејност на националното друштво годинава редовно беа надополнувани со креативни и атрактивни едукативни материјали во вид на брошури, флаери, постери, прирачници, доплатни марки и друг вид на изданија.

Носејќи ги во себе хуманитарните пораки или насоките за дејствување, се постигнаа значителни резултати кај целните групи, а воедно и позитивно се влијаеше на подигањето на имиџот на националното друштво. Со цел сите публикации да бидат поблиски до лицата за кои се наменети, и оваа година Црвен крст на РСМ сите свои изданија ги издаваше на македонски и на албански јазик, а дел од нив беа преведени и на англиски јазик.

## Соработка со медиумите

Преку 40 соопштенија и конференции за печат и јавни настапи на електронските медиуми, средствата за јавно информирање беа дел од реализација на активностите на националното друштво.

Медиумската покриеност овозможи непристрасно и објективно презентирање на активностите и проектите преку градење на т.н. "коалиција" со новинарите со цел поттикнување на јавното мислење во со цел да се обезбеди поголема транспарентност во делувањето на Црвениот крст.

# КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ И МЕНАЏИРАЊЕ НА ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ

## Волонтирање во Црвен крст на РСМ

Националното друштво работеше на развој и подготовка на нов модел на волонтирање кој овозможува развој на нови, пофлексибилни, отворени и комплементарни приоди за создавање на поефикасна мрежа на хуманитарни работници кои работат за општото добро во нашите локални заедници. Низ процесот на претстојните трансформации на организацијата наша цел е да имаме сеопфатна волонтерска база со широк спектар на волонтерски услуги, со што во секое време ќе бидеме во можност да дадеме придонес во општественото опкружување особено при кризни состојби и инвестиравме во обезбедување на разновидност во нашата волонтерска база и можностите што им се достапни на сите волонтери.

Во изминатата година работевме на подигање на јавната свест за значењето на волонтерството во државата како и споделување на повратни информации до заедниците и активно вклучување на волонтерите во процесот на планирање и одлучување и обезбедувавме обуки за зајакнување на капацитетите на човечките ресурси за менаџмент на волонтери, унапредување на системот за ангажирање на постоечките волонтери во работата на ООЦК и ЦКГС и унапредување на системот за привлекување, задржување и мотивирање на нови волонтери. Вкупниот број на активни волонтери кои учествувале во спроведувањето на програмските и проектите активностите на Црвениот крст на РСМ во 2023 година изнесува 4.000 лица.






## Светски ден на волонтерство

Црвениот крст на РСМ годинава го одбележа Светскиот ден на волонтерството, 5-ти декември под мотото "Надеж". Изработен е наменски постер кој се користеше при спроведување на активности на ООЦК со цел промовирање и оддавање признание за придонесот на волонтерите на Црвениот крст во општественото опкружување.

Општинските организации на Црвен крст и ЦКГ Скопје подготвија индивидуализирани концепти за одбележување на Светскиот ден на волонтерството со активности кои сметаа дека се најсоодветни за локалното опкружувања со цел да оддаде признание за волонтерскиот труд и придонесот на волонтерите и да се промовираат волонтерските активности ширум нашата земја.

Дел од општинските организации на Црвен крст подготвија свои видеа од реализираните активности кои се споделени до Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина која подготви глобално видео со активности од годинешните настани за одбележување на Светскиот Ден на волонтерството, 5-ти декември кои се спроведени во националните друштва.

## Членство на Црвен крст на РСМ

Во изминатата година активно работевме на подготовка на нов модел за мобилизирање членство во нашата организација кој ќе инкорпорира иновативни форми за привлекување и задржување на членови во организацијата со цел да се обезбеди поширока поддршка на јавноста во РС Македонија за работата на Црвениот крст и да се обезбедат дополнителни средства за имплементација на програмите на националното друштво во локалните заедници. Истовремено во нашиот нов модел за членување промовираме модалитети за оддавање признание, вреднување и надградба на членовите и други бенефиции и погодности кои треба да ги обезбеди Црвениот крст или тоа да се направи во соработка со партнерски организации/институции.

Годинава посебен акцент ставивме на проценка на состојбите во однос на обезбедување поддршка за општинските организации на Црвен крст за детектирање на потенцијални целни групи за зачленување во Црвениот крст и развој на ново софтверско решение кое овозможува лесно и брзо внесување и следење на податоци за членството во општинските организации на Црвен крст. Во 2023 година регистрирани се вкупно 18.000 члена со платена членарина. Дел од овие членови се активни волонтери кои дадоа активен придонес во имплементацијата на програмските активности на националното друштво.



# ДИСЕМИНАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО

Во рамки на спроведување на програмата за дисеминација реализирани се повеќе активности преку кои ја оправдавме нашата заложба да бидеме организација која е активен чинител во промоција на хумани вредности во заедницата и дисеминирање на нашата мисија и визија до различни целни групи.

## Дисеминациски сесии

| Број на дисеминациски сесии | Број на опфатени лица |
|---|---|
| **146** | **3,331** |

## Обука за дисеминатори

Со поддршка од Меѓународен комитет на Црвен крст во период од 19.09-01.10.2023 година во Струга се реализираше обука за дисеминатори за општа дисеминација за Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина. На обуката учество зедоа 14 учесници од општински организации на Црвен крст. На обуката за дисеминатори преку различни интерактивни пристапи, техники и методи учесниците се здобија со соодветен обем на информации и вештини за пренесување на стекнатите знаења до различни целни групи.

## Семинар за Меѓународно хуманитарно право и негова примена во одбраната и безбедноста

Согласно со потпишаниот договор за соработка помеѓу Црвениот крст на РСМ и Министерството за одбрана на РС Македонија и Армијата на РС Македонија, нашето национално друштво одржа предавање на тема МХП и хуманитарните активности на Црвениот крст на Семинарот за Меѓународно хуманитарно право и негова примена во одбраната и безбедноста, во организација на Министерството за Одбрана на РС Македонија. Поддршката на Црвениот крст за организацијата на оваа обука е во рамки на редовните активности на нашата организација за промовирање и дисеминирање на меѓународното хуманитарно право со цел да се надградат капацитетите и знаењата на припадниците на вооружените сили во однос на усогласеност и доследно почитување на меѓународното хуманитарно право во мирновременски услови и за време на вооружени судири.

# ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА - ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

Програмата Промоција на хумани вредности е национална програма за регрутирање и задржување на волонтерите во општинските организации на Црвениот крст која функционира повеќе од 25 години во земјата и брои повеќе од 30 активни инструктори.

## Средба со секретари

На 10 јануари се одржа онлајн работна средба со секретарите од ООЦК, со цел подетално информирање за почетокот на ПХВ програмата. На средбата беа презентирани резултатите од 2022 година, секретарите добија информација за обврските на избраниот дисеминатор кој ќе биде носител на активностите и кој ќе ги спроведува трите обуки предвидени во програмата. Споделено беше дека и во 2023 година ќе бидат доделени три награди за најуспешните и најдобри проекти.

## Менторски систем

Оваа година, 9 ПХВ инструктори беа пријавени за ПХВ ментори, и истите обезбедуваа поддршка на дисеминаторите низ целиот процес на реализација на програмата во нивната средина. Секој ментор имаше во просек менторирање на 4 до 5 дисеминатори, односно ООЦК, на кои им даваше поддршка. Менторите ги подготвија дисеминаторите да држат две обуки за изработка на мали проекти и нивно документирање и во текот на годината обезбедуваа придонес за промоција, истражувања, мотивација на младите, и документирање на процесот на изработка на мали проекти. Во временски период од два месеци, беа реализирани три менторски средби за поддршка на менторите и полесна реализација на активностите на терен.



## Прирачник за ПХВ дисеминатори

Изработен е прирачник за ПХВ дисеминатори во кој е разработена структурата на едукација, воведни активности, очекувања, цели на работилницата. Прирачникот ги содржи целите на програмата, начините на промоција и сите потребни материјали за спроведување на целиот циклус и е изработен на македонски, албански и англиски јазик.

## Обука со дисеминатори

Од 04-05 февруари, во Скопје се одржа обука за ПХВ дисеминатори. Обучени беа вкупно 37 дисеминатори предложени од страна на своите општински организации на Црвениот крст. За време на обуката, беа присутни и 9 ментори кои низ процесот на изработка на малите проекти дадоа поддршка на дисеминаторите.

## Обуки во ООЦК

Во секоја ООЦК се реализираа по три обуки: за дисеминација, за изработка на мали проекти, и за документирање на мали проекти. Во 2023 година се реализираа 120 мали обуки. Вклучени беа 30 ООЦК, од кои 23 имаат по еден дисеминатор кој ја изведе обуката на македонски јазик и 7 ООЦК кои имаат по двајца дисеминатори, односно обуката беше реализирана на македонски и на албански јазик, или вкупно 37 дисеминатори. Сите три обуки беа спроведени во периодот од 06 февруари до 03 март 2023 година. Се реализираа вкупно 110 обуки. На првата обука присуствуваа 1.115 млади, на втора 1.087 и на третата 1.059 млади.

## Мали проекти

Изработката на малите проекти започна од 04 април и траеше до 10 мај. Младите со поддршка на своите дисеминатори правеа истражувања за целните групи, за нивните потреби, и планираа активности за мобилизирање финансиски средства за реализација на малите проекти. Подготвија и реализираа театарски претстави, фудбалски турнири, забави, трки со велосипеди, караоке настани и многу други нешта преку кои младите ги реализираа зацртаните цели.

## Промоции

Во текот на реализацијата на програмата, младите беа поттикнати да изработуваат материјали, постери за поголема промоција на локалните настани. На овој начин, заедницата имаше поголем увид во нештата кои се прават, разбираа дека младите се со капацитети и дека дејствуваат како локални херои, но се гради и имиџот на Црвениот крст на позитивен начин преку локални иницијативи кои ја менуваат заедницата на подобар начин.

## Подготвителна работилница/прегледување на мали проекти

Од 26 до 28 мај во Струга се одржа ПХВ подготвителна работилница со учество на 19 инструктори, искусни и долгогодишни волонтери. Целта беше прегледување и евалуирање на 151 мали ПХВ проекти изработени од 1.059 младинци од ООЦК во периодот март-мај, направена е евалуација на менторскиот систем како и мотивирање и уважување на ПХВ тимот за понатамошна работа и поддршка.






## Резултати

Од вкупната бројка на изработени 151 проект, 110 беа оценети со највисока оцена фаза 5, 35 проекти беа оценети со фаза 4, 5 проекти со фаза 3.

Изработени се вкупно 25 проекти кои се оценети со сонце. Проектите дадоа голем придонес за заедницата, односно долгорочно придонесоа за подобрување на животот во локалните заедници (Куманово 3 проекти, Делчево 3 проекти, Кавадарци 3 проекти, Тетово 2 проекти, Гевгелија 2 проекти, Пробиштип 2 проекти, Охрид 2 проекти, Кочани 1 проект, Демир Хисар 1 проект, Ресен 1 проект, Велес 1 проект, Неготино 1 проект, Радовиш 1 проект, Чаир 1 проект, Кисела Вода 1 проект).

## ПХВ недела

ПХВ неделата се одржа од 21-27 септември со обезбедени насоки за организирање на ПХВ трибина со наслов СТОП за булингот. На секоја трибина имаше присутен психолог, кој дополнително им даваше поддршка на учесниците.

На крајот на трибината, во секоја ООЦК беа поделени благодарници за младите кои ги изработуваа малите проекти и се прикажаа кратки ПХВ филмови со што младите беа позитивно истакнати и уважени. Беа организирани 27 трибини на кои учествуваа околу 900 учесници.

## ПХВ пехар

Оваа година три Општински организации реализираа по 3 проекти кои се оценети со сонце - Куманово, Делчево и Кавадарци. ПХВ колегиумот со одобрение на Раководниот одбор на ЦКРСМ, додели 3 награди по 50.000 мкд за секој награден проект. Свеченоста за доделување на пехарот за трите организации се реализираше во Скопје, на 16 јуни (по завршување на учебната година), во хотелот Мериот. Повеќе од 100 лица присуствуваа на настанот меѓу кои и ООЦК кои имаа изработено проекти со сонце и кои на настанот добија благодарници. Оваа година, посебна благодарница доби ООЦК Тетово за проект кој направи најголема промоција, преку која се подигна имиџот на организацијата на локално и национално ниво.




# МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

Работата на младите на Црвениот крст на РСМ е насочена кон потребите на младите луѓе и целните групи, преку пристапот врсник на врсник и разни облици на неформална едукација со цел промоција и унапредување на здравјето, ублажување на социјалните проблеми преку хуманитарни акции, дејствување при итни состојби од хуманитарен аспект, зачувување на достоинството и различностите, обучување на младата популација за заштита и самозаштита, стекнување со вештини од областа на првата помош, промовирање на принципите на движењето, повикување на култура на дијалог за взаемно разбирање, толеранција и хуман однос без дискриминација. Младинското делување е организирано преку функционирање на 33 клубови на млади кои делуваат во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.

| Број на активни млади волонтери | Број на млади членови |
|---|---|
| **2634** | **4114** |

## Врснички едукации

Црвениот крст на РСМ, согласно политиките на врсничка едукација, преку своите превентивни програми континуирано го привлекува вниманието на младите и нивно освестување за разновидни теми релевантни за нивните интереси.

Темите кои беа во фокусот за врсничките едукации на млади за 2023 година се ХИВ/СИДА и сексуално преносливи болести, болести на зависности, борба против трговија со луѓе, ментално здравје и слично.

| Тема | Работилници | Опфатени лица |
|---|---|---|
| Превенција од ХИВ/СИДА и СПИ | 105 | 2.828 |
| Превенција од болести на зависности | 221 | 6.024 |
| Борба против трговија со луѓе | 70 | 1.971 |
| Промоција на хигиена | 42 | 1.071 |
| Ментално здравје | 30 | 772 |
| Прва помош | 198 | 5.840 |
| Еко едукации | 65 | 1.665 |
| ВКУПНО | 731 | 20.171 |

## Летен камп 100% Црвен крст

Во период од 20 до 26 јули 2023 година во Струга се реализираше традиционалниот летен младински камп „100% Црвен крст“ во организација на младите на Црвениот крст на РСМ. На истиот зедоа учество претставници од 30 Клубови на млади од територијата на РСМ. Целта на кампот беше зајакнување на капацитетите на клубовите на млади за поефикасен и поефективен придонес во работата на националното друштво. Преку сет од обуки младите се стекнаа со знаења и вештини за работа на училишни клубови, стратегија за млади, имплементирање на нови позитивни практики во работата со цел унапредување на работата на клубовите на млади. Младинскиот камп беше одлична можност за сите млади да се стекнат со вештини, да добијат неизмерна мотивација за работа и секако во целиот процес да се стекнат со пријателства и сеќавања вредни за паметење.

## Недела на млади

Во период од 1-7 октомври традиционално се одбележа Неделата на млади за време на која клубовите на млади на општинските организации на Црвениот крст и ЦКГ Скопје организираа низа активности. Клубовите на млади имаа можност да организираат отворен ден на кој волонтерите ги промовираа различните можности за волонтирање во нивната средина.

## Зелен волонтеризам

Пилот програмата Зелен Волонтеризам е нова младинска програма во рамките на Црвен крст на РСМ. Главна цел на програмата е подигање на свеста кај младата популација за последиците по здравјето предизвикани од зголемената акумулација на отпад, загадувањето на водата, почвата и воздухот, глобалното затоплување. Програмата се реализираше преку онлајн кампања, еко-едукации, пошумувања, еко-акции, формирање на Еко хаб во клубовите на млади, натпревар за најзелено училиште и јавни трибини.





# МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

## Проценка на организациски капацитети

Во 2023 година нашето национално друштво стана пионер во регионот со пилотирање на инструментот ПОКОО (Проценка на организациски капацитети во општинските организации), подготвен од Меѓународната Федерација. Овој инструмент има за цел преку структуриран начин да овозможи самопроцена на општинска организација во 34 организациски области во работењето, да се препознае нивото на кое се наоѓа во контекст на овие области, да утврди приоритети за развој за наредната година и подготви план за развој. Во месец јуни со поддршка од канцеларијата на Меѓународната Федерација во Будимпешта и канцеларијата на Меѓународната Федерација за кластерот во југоисточна Европа во Сараево се одржа обука на која 9 претставници на Црвен крст на РСМ се стекнаа со сертификати за обучени фасилитатори. Во рамките на обуката фасилитаторите спроведоа пилот-проценки во 3 ООЦК а во месец октомври се спроведоа проценки уште во 3 ООЦК. По евалуација на теренското искуство се заклучи дека концептот на целиот ПОКОО инструмент е многу корисен и може значително да влијае врз развојот на општинските организации на нашето национално друштво. Изготвен е и план за спроведување на проценки во останатите ООЦК за следната година.

## Мониторинг и евалуација на организациски единици

Тековно, редовно се следеше работењето на ООЦК/ЦКГ Скопје преку годишни статистички податоци, месечни планови, квартални извештаи, годишни оперативни планови, годишни програми и извештаи, алатки за евалуација на работата на секретарите и претседателите на ООЦК и ЦКГ Скопје како и раководните одбори на сите нивоа на организациска поставеност во националното друштво. Се правеа прегледи од доставените планови и извештаи и се анализираше прогресот на имплементација, резултатите и перформансите, се одржуваа консултативни состаноци и се даваше поддршка на општинските организации во подобрување на транспарентноста и отчетноста во работењето. Континуирано се вршеше проценка на ефективноста на постојниот систем за мониторинг и се разгледуваа начини за негово подобрување се со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста на целокупното национално друштво.

## Мониторинг и проверка на финансиско, административно и архивско работење

Во текот на годината Комисијата за мониторинг и проверка на финансиско, административно и архивско работење на Црвениот крст на РСМ спроведе 9 посети на општински организации на Црвен крст со цел вршење на редовен мониторинг и проверка на финансиското, административното и архивско работење на организациските единици на националното друштво.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

Црвениот крст на РСМ своето работење го прикажува преку финансискиот извештај кој ги содржи планираните и реализираните приходи и расходи. Финансискиот извештај претставува потврда за успешно имплементирани програмски и проектни активности поддржани од домашни и странски партнери на организацијата.

Работењето на организацијата прикажано преку финансиски податоци покажува успешно завршена година со остварување на Буџетот од 197,02% како резултат на обезбедени средства од услугите за лична асистенција на лица со попреченост и нега на стари лица и зголемената поддршка на проектното работење од странски донатори. Во 2022 година остварувањето на Буџетот изнесуваше 172,50%.

Сопствени приходи се реализирани со 232,19% и учествуваат со 35,01% од вкупно остварените приходи. Приходите од органи и донатори, претставуваат наменски приходи, кои во најголем дел директно се префрлаат во општинските организации, каде се користат за имплементација на проектни активности. Овие приходи се реализирани со 166,53 % и бележат зголемување во номинален износ во однос на 2022 година кога приходите од донатори беа реализирани со 192,67%. Приходите од органи и донатори во 2023 година во споредба со 2022 година бележат зголемување во номинален износ поради зголемена поддршка и зголемен број на активности. Во однос на вкупно реализираните приходи во 2023 година приходите од органи и донатори зафаќаат 64.99%.

Во делот на расходите може да се утврди дека трошењето е контролирано и наменско, што е основна цел на секоја организација. Од вкупно реализираните расходи, функционалните односно програмските трошоци исто така бележат зголемување во номинален износ во однос на претходната година и изнесуваат 80,94%, расходот за плата на вработените изнесува 6,58%, а материјалните трошоци изнесуваат 12,48%. Од вкупно реализираните расходи 14,92% се однесуваат за потребите на централата, 40,92% се директно префрлени во општинските организации на Црвен крст и ЦКГ Скопје и во номинална вредност бележат пораст како резултат на имплементација на измената на Законот за Црвен крст, зголемениот износ на програмата за крводарителство и имплементацијата на проектни активности, додека останатите 44,16% се средства кои се потрошени во централната канцеларија а се однесуваат за реализација на програмски активности на ООЦК и ЦКГ Скопје.

Дел од вишокот на финансиските средства, односно позитивната разлика помеѓу приходите и расходите се наменски средства кои се однесуваат на проекти чија реализација продолжува во 2024 година.

Од страна на Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ беше формирана комисија, која изврши внатрешна контрола на финансиското и материјално работење. Исто така беше ангажирана надворешна независна ревизорска куќа, која изврши ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување и сметководствените прописи кои важат во РС Македонија. Според мислењето на ревизорската куќа, финансиската состојба на организацијата Црвениот крст на РСМ е прикажана реално и објективно.

Финансискиот извештај се однесува само на работењето на централната канцеларија на Црвениот крст на РСМ.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

| | Буџет 2023 | Реализирано 2023 | % | % во 2022 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **164,762,374.00** | **324,617,956.00** | **197.02** | **172.50** |
| Сопствени извори на приходи | 48,947,800.00 | 113,650,014.00 | 232.19 | 123.28 |
| Приходи од органи / донатори | 115,814,574.00 | 210,967,942.00 | 182.16 | 192.67 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **164,762,374.00** | **274,372,978.00** | **166.53** | **126.10** |
| Плати и надоместоци на вработени | 18,534,940.00 | 18,044,872.00 | 97.36 | 88.48 |
| Расходи за материјали и услуги | 22,453,168.00 | 34,249,564.00 | 152.54 | 97.72 |
| Функционални (програмски) расходи | 123,774,266.00 | 222,078,542.00 | 179.42 | 136.57 |
| **РАЗЛИКА** | **0.00** | **50,244,978.00** | | |

# ПРИХОДИ

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2023 | Реализирано од сопствени извори | Реализирано од органи и донатори | Реализирано 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | | |
| 741 | Министерство за труд и социјална политика - програмски активности | 9,075,000.00 | | 9,075,000.00 | 8,014,315.00 | | 8,014,315.00 |
| 741 | Влада на Република Северна Македонија (за стокови резерви) | | 15,000,000.00 | 15,000,000.00 | | | 0.00 |
| 741 | Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 11,000,000.00 | 11,000,000.00 | | 10,691,000.00 | 10,691,000.00 |
| 742 | Социјално - хуманитарни програми | 7,600,000.00 | 7,250,000.00 | 14,850,000.00 | 9,257,354.00 | 27,500,034.00 | 36,757,388.00 |
| 742 | Организација и развој | 200,000.00 | 3,000,000.00 | 3,200,000.00 | 0.00 | 3,759,200.00 | 3,759,200.00 |
| 742 | Прва помош | 8,500,000.00 | | 8,500,000.00 | 8,873,415.00 | | 8,873,415.00 |
| 742 | Превентивно здравствени програми | | 5,679,604.00 | 5,679,604.00 | | 7,486,544.00 | 7,486,544.00 |
| 742 | Развој и работа со млади | | 264,000.00 | 264,000.00 | | | 0.00 |
| 742 | Подготвеност и одговор при катастрофи | 50,000.00 | 22,248,500.00 | 22,298,500.00 | | 15,949,636.00 | 15,949,636.00 |
| 742 | Дисеминација и МХП | | 676,500.00 | 676,500.00 | | 784,282.00 | 784,282.00 |
| 742 | ЦК во акција - ПХВ | | 660,000.00 | 660,000.00 | | 744,000.00 | 744,000.00 |
| 742 | Односи со јавност | | | 0.00 | | | 0.00 |
| 742 | Воспоставување на семејни врски | | 835,970.00 | 835,970.00 | | | 0.00 |
| 742 | Меѓународна соработка | | | | 196,644.00 | | |
| 742 | Проектно работење и мобилизирање на фондови | | | 0.00 | | | 0.00 |
| 742 | Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | 0.00 | | | 0.00 |
| 742 | Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | | | 0.00 | | | |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | | |
| 725 | Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,770,000.00 | | 1,770,000.00 | 2,227,020.00 | | 2,227,020.00 |
| 725 | Донација од физички лица | 150,000.00 | | 150,000.00 | | 5,200.00 | 5,200.00 |
| 725 | Донација од правни лица / Продажба на возила | 300,000.00 | | 300,000.00 | | 2,346,380.00 | 2,346,380.00 |
| 725 | Доплата марки ( од Законот на ЦК ) | 150,000.00 | | 150,000.00 | | | 0.00 |
| 723 | Од закупнина на деловен простор/други приходи/ приходи од продажба на капитални средства | 1,180,800.00 | | 1,180,800.00 | 1,372,866.00 | | 1,372,866.00 |
| 725 | Од регистрација на возила (Средства од Закон за ЦК) | 10,800,000.00 | 49,200,000.00 | 60,000,000.00 | 13,535,501.00 | 61,661,728.00 | 75,197,229.00 |
| 725 | Други приходи/приходи од камата/членски карти/ рефундирање на трошоци за канцеларија/ вратен депозит од банка/котизација за летен камп/ проекти/рефундирање на трошоци/приходи од ООЦК за набавка на дефибрилатори, компјутери, униформи | | | 0.00 | 9,691,246.00 | | 9,691,246.00 |
| 725 | Фонд на солидарност | | | 0.00 | | 68,819,862.00 | 68,819,862.00 |
| 725 | Од курсеви за спасители на вода | 50,000.00 | | | | | 0.00 |
| 725 | Пренесени приходи од претходна година | 9,122,000.00 | | 9,122,000.00 | 60,481,653.00 | 11,220,076.00 | 71,701,729.00 |
| | ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | ***48,947,800.00*** | ***115,814,574.00*** | ***164,762,374.00*** | ***113,650,014.00*** | ***210,967,942.00*** | ***324,617,956.00*** |

# РАСХОДИ

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2023 | Реализирано од сопствени извори | Реализирано од органи и донатори | Реализирано 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 | ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 14,221,325.00 | 3,863,635.00 | 18,084,960.00 | 13,175,662.00 | 4,613,762.00 | 17,789,424.00 |
| 402 | ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | 90,000.00 | | 90,000.00 | 236,948.00 | 18,500.00 | 255,448.00 |
| | ***ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ*** | ***14,311,325.00*** | ***3,863,635.00*** | ***18,174,960.00*** | ***13,412,610.00*** | ***4,632,262.00*** | ***18,044,872.00*** |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 250,000.00 | 0.00 | 250,000.00 | 398,843.00 | 930,712.00 | 1,329,555.00 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 1,638,000.00 | 849,000.00 | 2,487,000.00 | 900,007.00 | 40,932.00 | 940,939.00 |
| 422 | ЗАТОПЛУВАЊЕ | 480,000.00 | 0.00 | 480,000.00 | 426,643.00 | 0.00 | 426,643.00 |
| 423 | КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 2,193,000.00 | 783,000.00 | 2,976,000.00 | 2,467,128.00 | 1,025,349.00 | 3,492,477.00 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ | 3,836,000.00 | 3,982,499.00 | 7,818,499.00 | 4,340,963.00 | 5,020,460.00 | 9,361,423.00 |
| 424 | ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 1,110,000.00 | 312,000.00 | 1,422,000.00 | 903,584.00 | 148,200.00 | 1,051,784.00 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 11,822,064.00 | 11,963,550.00 | 23,785,614.00 | 6,810,705.00 | 16,181,504.00 | 22,992,209.00 |
| 426 | ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 520,000.00 | 50,000.00 | 570,000.00 | | | 0.00 |
| 463 | ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ | 5,779,000.00 | 82,422,000.00 | 88,201,000.00 | 7,831,687.00 | 112,277,386.00 | 120,109,073.00 |
| | ***ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ*** | ***41,998,389.00*** | ***102,197,185.00*** | ***144,195,574.00*** | ***39,803,527.00*** | ***138,946,845.00*** | ***178,750,372.00*** |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | | |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА | 1,180,000.00 | | 1,180,000.00 | 3,199,883.00 | 470,794.00 | 3,670,677.00 |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 481 | ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ | 3,200,000.00 | 0.00 | 3,200,000.00 | 3,573,396.00 | 0.00 | 3,573,396.00 |
| | ***ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ*** | ***4,380,000.00*** | ***0.00*** | ***4,380,000.00*** | ***6,773,279.00*** | ***470,794.00*** | ***7,244,073.00*** |
| | ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 1,186,800.00 | 15,000,000.00 | 16,186,800.00 | 5,281,139.00 | 83,097,394.00 | 88,378,533.00 |
| | ***ВКУПНО ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ*** | ***1,186,800.00*** | ***15,000,000.00*** | ***16,186,800.00*** | ***5,281,139.00*** | ***83,097,394.00*** | ***88,378,533.00*** |
| | ***ВКУПНО РАСХОДИ*** | ***47,565,189.00*** | ***117,197,185.00*** | ***164,762,374.00*** | ***51,857,945.00*** | ***222,515,033.00*** | ***274,372,978.00*** |

*Служба за финансии и ревизија*
Жаклина Поповиќ

*Генерален Секретар*
д-р Саит Саити

| | | % |
|---|---|---|
| **Трансфери во ООЦК** | **112,277,386.00** | **40.92** |
| **Трошоци за централата** | **40,931,067.00** | **14.92** |
| **Трошоци од централата за ООЦК** | **121,164,525.00** | **44.16** |
| | **274,372,978.00** | **100.00** |

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ВО 2023












Тел. +389 2 3117 888
Факс. +389 2 3117 999
www.bdo.mk

Бул. Јане Санданска бр. 111
1000 Скопје
Република Северна Македонија

**До:**

**Раководството на**

**ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

СКОПЈЕ

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)

***Мислење на ревизорот***

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Организацијата на ден 31 декември 2023, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годината која завршува на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

Скопје, 23 Февруари 2024 година

Драган Димитров
Управител, Овластен ревизор

www.redcross.org.mk